# ЗАКОН
# ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ
## Редакциски пречистен текст[1]

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредува постапувањето по претставките и предлозите поднесени до Претседателот на Република Северна Македонија, Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија, судовите, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, јавните установи и служби и други органи и организации што вршат јавни овластувања (во натамошниот текст: органи кои постапуваат по претставките и предлозите).

### Член 2

Под претставка, односно предлог, во смисла на овој закон, се подразбира секое писмено или усно обраќање на подносителите до органите кои постапуваат по претставките, односно предлозите заради заштита и остварување на своите права и интереси, јавните интереси утврдени со закон или заради поведување на друга иницијатива од јавен интерес, освен оние писмени или усни обраќања (барање за поведување на постапка за остварување на права или правни интереси, иницијатива за вршење на инспекциски или друг вид на надзор) од чија содржина произлегува барање од подносителот за поведување на постапка која е регулирана со посебен закон.

### Член 3

Подносител на претставка, односно предлог може да биде секое физичко или правно лице (во натамошниот: текст подносител).

Подносителот на претставката, односно предлогот не смее да биде повикан на одговорност, ниту да трпи какви било штетни последици поради поднесувањето на претставката, односно предлогот и изнесувањето на ставови и мислења, освен ако со тоа не е сторено кривично дело.

### Член 4

Претставките, односно предлозите се поднесуваат во писмена форма или усно на записник, поединечно или групно.

За претставката, односно предлогот не се плаќа такса.

Органите кои постапуваат по претставките, односно предлозите водат евиденција на примените претставки и предлози.

Претставката, односно предлогот што е упатен до ненадлежен орган, се евидентира во евиденцијата на тој орган и без одлагање се доставува до надлежниот орган.

---

[1] Редакциски пречистениот текст на Законот за постапување по претставки и предлози ги опфаќа: основниот текст на Законот, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.82/08, Одлуката на Уставниот суд на РМ У.бр.169/2008, објавена во “Службен весник на РМ“ бр.56/09, Законот за изменување на Законот за постапување по претставки и предлози, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.13/13, Законот за дополнување на Законот за постапување по претставки и предлози, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.156/15, Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување по претставки и предлози, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.193/15 и Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување по претставки и предлози, објавен во “Службен весник на РСМ“ бр.208/24, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

## II. ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИТЕ И ПРЕДЛОЗИТЕ

### Член 5

Органот кој постапува по претставките и предлозите е должен по приемот да ја евидентира претставката, односно предлогот, веднаш да ја земе во работа, да ја разгледа и по неа да постапи во согласност со овој закон.

Кога органот кој постапува по претставките и предлозите ќе утврди дека со претставката, односно предлогот се покренуваат прашања што се од негова надлежност, тој постапува по нив, односно презема мерки за нивно решавање, а ако за тоа е надлежен друг орган претставката, односно предлогот го доставува до надлежниот орган. За доставувањето на претставката, односно предлогот веднаш се известува подносителот.

Кога претставката, односно предлогот е поднесен до повеќе органи кои постапуваат по претставки и предлози, органите меѓусебно соработуваат и го координираат постапувањето.

### Член 6

Постапувањето по претставките и предлозите опфаќа прибирање на податоци, известувања и мислења за фактите и околностите од значење за нивно оценување, непосредно испитување, анализирање и евидентирање на појавите и причините за нивно поднесување и преземање на потребни дејствија и мерки за остварување на правата на подносителот или повредата на јавниот интерес утврден со закон.

### Член 7

Органот кој постапува по претставките и предлозите е должен да определи едно или повеќе овластени лица што ќе постапуваат по претставките и предлозите, во рамките на органот, или да формира внатрешна организациона единица, согласно со актот за организација и систематизација, за постапување по претставките и предлозите.

### Член 8

Органот кој постапува по претставките и предлозите не постапува по анонимна претставка, односно предлог, освен ако се работи за прашање од јавен интерес утврден со закон.

### Член 9

Органот кој постапува по претставките и предлозите е должен да му одговори на подносителот за основаноста и за резултатите од постапувањето во рок од 15 дена, а за сложени прашања во рок од 30 дена од приемот на претставката, односно предлогот.

Кога органот кој постапува по претставките и предлозите ќе оцени дека е потребно претставката, односно предлогот да се прецизира и да се доставаат докази при разгледувањето, може тоа да го побара од подносителот, и во тој случај рокот од ставот 1 на овој член почнува да тече од почеток.

**Член 10**

Кога органот кој постапува по претставките и предлозите ќе утврди дека претставката, односно предлогот се однесува на правна работа по која не е започната постапка го подучува подносителот дека може да поведе соодветна постапка.

Ако органот кој постапува по претставките и предлозите утврди дека по прашањето наведено во претставката, односно предлогот се води судска или друга постапка ќе го извести подносителот за тоа.

**Член 11**

Кога претставката, односно предлогот се однесува на прашање по кое веќе е постапувано или е водена друга постапка од надлежен орган, постапувањето по новоподнесената претставка, односно предлог ќе се повтори само доколку во претставката, односно предлогот се инзесени нови факти и околности кои не биле познати во претходното постапување, односно водење на постапката.

**Член 12**

Органите кои постапуваат по претставките и предлозите се должни по барање од органот кој постапува по конкретна претставка или предлог да му ги дадат потребните објаснувања и податоци за прашања што се однесуваат на претставката, односно предлогот, како и известување за преземените мерки по одделни претставки, односно предлози, во рок што тој ќе го определи, кој не може да биде подолг од 15 дена.

Со податоците и известувањата од ставот 1 на овој член, што претставуваат класифицирана информација, органот кој постапува е должен да ги чува согласно со прописите за класифицирани информации.

**Член 13**

Министерот за јавна администрација го пропишува начинот на постапување по претставките и предлозите на органите од членот 1 на овој закон.

**Член 14**

Ако органите кои постапуваат по претставките и предлозите, при постапувањето оценат дека треба да се разгледа потребата и оправданоста за донесување на нов, односно за изменување и дополнување на постоен закон или друг пропис или акт, ќе го известат за тоа овластениот орган, а ако е дадена иницијатива за изменување, дополнување или донесување, иницијативата ќе ја достават до надлежниот орган.

Ако во претставката, односно предлогот се покренува иницијатива од јавен интерес утврден со закон или се предупредува на постоење на проблеми или недостатоци кои бараат преземање на определени мерки, надлежниот орган во соработка со други органи ќе ја разгледа оправданоста и по потреба ќе преземе потребни мерки.

**Член 15**

Ако при постапувањето по претставката, односно предлогот се утврди дека на подносителот со акт, дејствие или мерка му е повредено право или му е нанесена штета, односно е повреден јавниот интерес утврден со закон, органот кој постапува по претставката, односно предлогот ќе му укаже на надлежниот орган и ќе побара да се преземат потребните мерки согласно со закон за отстранување на повредата на правото, односно причинетата штета.

Во случај кога не се постапува по доставеното укажување од ставот 1 на овој член, органот што постапува по претставката, односно предлогот ќе го извести за тоа органот што врши надзор над нивната работа за да се преземат соодветни мерки согласно со закон.

**Член 16**

При постапувањето по претставките, односно предлозите органите кои постапуваат, меѓусебно соработуваат и си даваат правна и друга стручна помош, разменуваат искуства, планираат и договорно преземаат активности од нивна надлежност по прашањата изнесени во претставката, односно предлогот.

**Член 17**

Органите кои постапуваат по претставките и предлозите најмалку еднаш годишно ги разгледуваат прашањата и проблемите што се покренуваат со претставките, односно предлозите и причините за нивно поднесување.

Органите кои постапуваат по претставките и предлозите ги следат состојбите и појавите, ги анализираат причините и прашањата на кои се укажува во претставките, односно предлозите, преземаат мерки во рамките на своите овластувања и ги информираат другите органи кои имаат овластувања за состојбите и проблемите во соодветната област за да преземат мерки од нивна надлежност.

**Член 18**

Доколку подносителот не добие одговор по претставката, односно предлогот, може да се обрати до Народниот правобранител и да побара заштита.

**Член 19**

Органите од членот 1 на овој закон задолжително водат евиденција за податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите.

Органите од членот 1 на овој закон за податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите се должни да доставуваат извештаи на секои шест месеца до Министерството за јавна администрација

Министерот за јавна администрација ги пропишува содржината, начинот и формата на водење на евиденцијата за податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите, како и содржината на извештаите од ставот (2) на овој член.

**Член 20**

Надзор над спроведувањето на овој закон врши Министерството за јавна администрација.

## III. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Член 21**

Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на функционерот кој раководи со органот, односно раководното лице, до кој е поднесена претставката, односно предлогот, доколку не определил овластено лице кое во рамките на органот ќе постапува по претставките и

предлозите или не е формирана внатрешна организациона единица согласно актот за организација и систематизација, за постапување по претставки и предлози, согласно со членот 7 од овој закон.

Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на функционерот кој раководи со органот, односно раководното лице, ако не достави извештај до Министерот за јавна администрација согласно со членот 19 став 2 од овој закон.

Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службеното лице кое согласно со членот 7 од овој закон е определено да постапува по претставките и предлозите и тоа, ако:

1) не ја достави претставката, односно предлогот до надлежниот орган или не го извести подносителот дека претставката, односно предлогот е предадена на друг орган согласно со членот 5 став 2 од овој закон;

2) не го извести подносителот на претставката, односно предлогот за основаноста и за резултатите од постапувањето во рокот определен со членот 9 став 1 од овој закон;

3) по барање на органот кој постапува по конкретна претставка или предлог не му ги даде потребните објаснувања и податоци за прашања што се однесуваат на претставката, односно предлогот, како и известување за преземените мерки за решавање на прашањето согласно со членот 12 став 1 од овој закон и

4) при постапувањето по претставката, односно предлогот се утврди дека на подносителот со акт, дејствие или мерка му е повредено право или му е нанесена штета, односно е повреден јавниот интерес утврден со закон, а органот кој постапува по претставката, односно предлогот нема да му укаже на надлежниот орган и нема да побара да се преземат потребните мерки согласно со закон за отстранување на повредата на правото, односно причинетата штета согласно со членот 15 став 1 од овој закон.

### Член 21-а

За прекршоците од членот 21 од овој закон, управниот инспектор е должен на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог согласно со Законот за прекршоците пред да поднесе барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.

Управниот инспектор е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

Во евиденцијата од ставот (2) на овој член, се собираат, обработуваат и чуваат податоците за постапката за издавање на прекршочен платен налог (реден број, број и датум на записник за прекршок и правна квалификација на прекршокот), податоци за сторителот на прекршокот (име и презиме или назив на сторител, адреса/седиште на сторителот и матичен број/ЕДБ на сторителот (за странец се запишува број на патна исправа) и за постапката за извршување (број и датум на платен налог; износ на глоба (во евра); рок за доброволно плаќање на глоба; наплата на глоба (да/не) и датум на поднесено барање за поведување на прекршочна постапка).

Личните податоци од ставот (3) на овој член се чуваат пет години од денот на внесувањето во евиденцијата.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот за јавна администрација.

**Член 22**

За прекршоците утврдени со овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 23**

Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 24**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон започнатите постапки по поднесените претставки и предлози ќе продолжат според одредбите на Законот за постапување по претставки и поплаки („Службен весник на СРМ" број 36/77, 12/89 и 19/90).

**Член 25**

Со денот на примената на овој закон престанува да важи Законот за постапување по претставки и поплаки („Службен весник на СРМ" број 36/77, 12/89 и 19/90).

**Член 26**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува по шест месеца од денот на неговото влегување во сила.

***СО ОДЛУКА на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 169/2008 ("Службен весник на РМ" бр.56/09 од 30.04.2009):***

1. СЕ УКИНУВА членот 8 став 2 од Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на Република Македонија" бр.82/2008).
2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ЗАВРШНА ОДРЕДБА***
***од Законот за изменување***
***на Законот за постапување по претставки и предлози***
***("Службен весник на РМ" бр.13/13)***

**Член 2**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ЗАВРШНА ОДРЕДБА***
***од Законот за дополнување на***
***Законот за постапување по претставки и предлози***
***("Службен весник на РМ" бр.156/15)***

**Член 2**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ***
***од Законот за изменување и дополнување***
***на Законот за постапување по претставки и предлози***
***("Службен весник на РМ" бр.193/15)***

**Член 4**

Подзаконскиот акт утврден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 5**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ЗАВРШНА ОДРЕДБА***
***од Законот за изменување и дополнување на***
***Законот за постапување по претставки и предлози***
***("Службен весник на РСМ" бр.208/24)***

**Член 8**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".